**20250691417**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 90 став (3) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА ПОДДРШКАТА ОД МЕРКИТЕ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ, ПРИФАТЛИВИТЕ ТРОШОЦИ, ВИСИНАТА НА ВРЕДНОСТА НА ПРИФАТЛИВИТЕ ТРОШОЦИ, КАКО И ВИСИНАТА НА ПОДДРШКАТА ПО КОРИСНИК ЗА ПОЕДИНЕЧНА МЕРКА

Член 1

Во Правилникот за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките за рурален развој, прифатливите трошоци, висината на вредноста на прифатливите трошоци, како и висината на поддршката по корисник за поединечна мерка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/11, 80/13, 72/14, 88/15, 35/16, 59/16, 178/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 77/19, 214/19, 276/21, 91/22, 122/22,186/22, 73/23, 250/23 и 34/24), во членот 2 став (1) точка 1) по алинејата 5 се додаваат две нови алинеи 6 и 7 кои гласат:

„- инвестиции во опрема за производство на храна од животинско и/или неживотинско потекло од мал обем;

- инвестиции во опрема за производство на вино, алкохолни пијалоци и пиво од мал обем;“.

Во точката 2) по алинејата 3 се додава нова алинеја 4 која гласи:

„- минимум пет пчелни семејства;“.

Точката 3) се брише.

Точката 4) станува точка 3).

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Инвестициите поврзани со набавка на опрема за производство на вино, алкохолни пијалоци и пиво, како и за преработки од млеко и месо од мал обем се наменети за баратели кои се регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства и/или во Регистарот на производители на вино при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и/или регистрирани во Регистарот на одобрени објекти и оператори со храна од животинско потекло и/или во Регистарот на објекти и оператори со храна од неживотинско потекло при Агенцијата за храна и ветеринарство и/или во Регистарот на одобренија за мали производители на пиво, вино, етил алкохол и жестоки алкохолни пијалоци и/или во Регистарот на земјоделци – мали производители на жестоки алкохолни пијалоци при Царинската управа.“.

Член 2

Во членот 2-а во ставот (1) алинејата 2 се менува и гласи:

„- одлука на земјоделската задруга за потребата од инвестиции донесена согласно Статут, за инвестициите од членот 9 став (1) точка в) од овој правилник и“.

Алинејата 3 се менува и гласи:

„- исплата на плата за еден вработен во земјоделската задруга за претходната година или за новоформираните земјоделски задруги исплата на плата за тековната година сметано од денот на основање на земјоделската задруга до денот на објавување на јавен повик за поднесување на барања за финансиска поддршка од мерката 131 од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој.“.

Во ставот (3) во алинејата 1 по зборовите „производни капацитети“ се додаваат зборовите „на земјоделската задруга и на членовите на земјоделската задруга,“.

Ставовите (4) и (5) се бришат.

Член 3

Во членот 2-б во ставот (2) по зборот „земјоделска“ се додаваат зборовите „опрема и“.

Во ставот (3) во алинејата 3 по зборот „земјоделска“ се додаваат зборовите „опрема и“.

Во ставот (4) во алинејата 3 точката на крајот од реченицата се заменува со зборовите „и/или“.

По алинејата 3 се додаваат две нови алинеи 4 и 5 кои гласат:

„- минимум 0,2 ха за производствен капацитет на грозје и овошје и/или

- максимум до 50.000 литри за производствен капацитет на вино.“.

Член 4

По членот 2-б се додава нов член 2-в кој гласи:

„Член 2-в

„ (1) Дополнителни услови за поддршка на инвестиции за реструктуирање на земјоделски стопанства се следните:

- деловен план за работа на земјоделското стопанство со планираната инвестиција;

- користење на советодавни услуги при реализација на деловниот план од алинеја 1 на овој став обезбедени од страна на консултанти во обезбедување на советодавни услуги во земјоделството и тоа во фазите на: подготовка на деловниот план (единствени трошоци прифатливи пред склучување на договорот), следење на постигнување на резултатите од деловниот план со обезбедени соодветни технички советодовни услуги прилагодени на постигнување на целите во времетраење на инвестицијата се до завршување на инвестициите;

- прифатливите трошоци за советодавните услуги може да изнесуваат најмногу до 5%, додека за купување на земјоделско земјиште најмногу до 10% од вкупниот износ на прифатливи трошоци, а за набавка на живи животни, изградба и реконструкција на објекти за растително и сточарско производство и набавка на механизација и опрема нема ограничување во однос на висината на прифатливите трошоци;

- корисникот треба да е на возраст до 50 години на денот на поднесување на барање за финансиска поддршка и да е носител на семејно земјоделско стопанство регистрирано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства кое има приходи од вршење на земјоделска дејност остварени од сите членови на земјоделското стопанство во износ од најмалку 2/3 од вкупните приходи на сите членови на земјоделското стопанство;

- до крајот на втората година на спроведување на деловниот план или до крајот на деловниот план доколку рокот на истиот е пократок од две години, корисникот треба да е член на земјоделска задруга со најмалку 10 члена;

- корисниците на поддршка кои остваруваат инвестиции за набавка на живи животни од увоз или од признати организации на одгледувачи регистрирани согласно член 6 од Законот за зоотехника (*), при што набавените грла треба да се запишат во матична книга согласно членовите 16, 17 и 18 од Законот за зоотехника (*) доколку за соодветната раса

постои призната организација на одгледувачи со одобрена одгледувачка програма, а грлата набавени од увоз треба да бидат педигрирани со приложен зоотехнички сертификат согласно член 29 од Законот за зоотехника (*);

- набавената опрема и механизација треба да вклучува опрема за автоматизирано изведување на клучни операции (роботи) поврзани со одгледување на животни, односно најмалку за чистење на објектите за одгледување на животни, исхрана на животните и молзење и

- висината на поддршката по корисник е до 4.500.000 денари, без разлика на инвестициите од член 4 ставовите (1) и (2) од овој правилник.

(2) Поддршката од став (1) на овој член се реализира преку одобрен деловен план на земјоделското стопанство од страна на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, со кој се предвидуваат инвестициони активности, соодветни на планираното зголемување на производните капацитети на земјоделското стопанство, за период од три години од денот на одобрувањето на поддршката.

(3) Инвестицијата треба да се реализира според деловен план подготвен согласно насоките од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој кој треба да ги содржи најмалку следните елементи:

- преглед на состојбата на земјоделското стопанство,
- цел за развој и план за развој на земјоделското стопанство со временска рамка за реализација со рокови за период не подолг од три години и
- детален план на неопходни инвестиции, обука, потреба од советодавни услуги и други активности за обука и развој на земјоделското стопанство.

(4) Поддршката од ставот (1) на овој член е наменета за инвестиции за реструктуирање на земјоделски стопанства во:

- купување на земјоделско земјиште,
- набавка на живи животни:
- изградба и реконструкција на објекти за растително и сточарско производство;
- набавка на механизација и опрема и
- користење на советодавни услуги во земјоделството.

(5) Големината на производните капацитети за земјоделските стопанства од ставот (1) на овој член се утврдува согласно запишаните производни капацитети во Единствениот регистар на земјоделски стопанства при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за последните три години пред годината на поднесување на барањето за финансиска поддршка и согласно член 70-а од Законот за земјоделство и рурален развој треба да бидат:

1) За прва група:
- за овоштарско и лозарско производство до 1 ха;
- за растително производство (жито вклучително и ориз) и добиточна храна до 5 ха;
- за фуражни култури до 1 ха;
- за сточарско производство до 100 грла овци, до 10 грла кози, до 5 грла маторици, до 4 грла крави и до 30 товни јунци.

2) За втора група:
- за овоштарско и лозарско производство над 1 ха до 3ха;
- за растително производство (жито вклучително и ориз) и добиточна храна над 5 ха до 10 ха;
- за фуражни култури над 1 ха до 3 ха;
- за сточарско прозиводство од 101 до 300 грла овци, од 11 до 25 грла кози, од 6 до 10 грла маторици, од 5 до 10 грла крави и од 31 до 40 товни јунци.

3) За трета група:

- за овоштарско производство над 3 ха до 5 ха;
- за лозарско производство над 3 ха до 10 ха;
- за растително производство (жито вклучително и ориз) и добиточна храна над 10 ха до 50 ха;
- за фуражни култури над 3 ха до 8 ха;
- за сточарско производство од 301 до 500 грла овци, од 26 до 50 грла кози, од 11 до 50 грла маторици, од 11 до 20 грла крави и над 40 товни јунци.

Член 5

Во членот 5 став (1) во воведната реченица по зборовите „земјоделски стопанства“ се додаваат зборовите „и инвестиции за реструктуирање на земјоделски стопанства“.

Во точката а) по алинејата 6 се додаваат две нови алинеи 7 и 8 кои гласат:

„- набавка на системи против замрзнување;

- заштитни мрежи и заштитни фолии;“.

Во алинејата 11 сврзникот „и “на крајот од реченицата се брише.

Во алинејата 12 точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

По алинејата 12 се додаваат две нови алинеи 13 и 14 кои гласат:

„- купување на земјоделско земјиште и

- користење на советодавни услуги во земјоделството.”.

Во точката в) по алинејата 2 се додава нова алинеја 3 која гласи:

„- набавка на опрема за производство на тутун и расад од тутун;“.

Во алинејата 13 сврзникот „и“ на крајот на реченицата се брише.

Во алинејата 14 точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

По алинејата 14 се додаваат две нови алинеи 15 и 16 кои гласат:

„- купување на земјоделско земјиште и

- користење советодавни услуги во земјоделството.“.

Во точката д) во алинејата 3 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се брише.

Во алинејата 4 точката од крајот на реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По алинејата 4 се додава нова алинеја 5 која гласи:

„- инвестиции во опрема за воспоставување на електрични огради во пчеларник за заштита од дивеч.“.

Во точката ѓ) во алинејата 6 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се брише.

Во алинејата 7 точката од крајот на реченицата се заменува со точка и запирка.

По алинејата 7 се додаваат две нови алинеи 8 и 9 кои гласат:

„- купување на земјоделско земјиште и

- користење на советодавни услуги во земјоделството.“.

Во точката е) во алинејата 3 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во алинејата 4 точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

По алинејата 4 се додаваат две нови алинеи 5 и 6 кои гласат:

„- купување на земјоделско земјиште и

- користење на советодавни услуги во земјоделството.“.

Во ставот (2) по алинејата 3 се додава нова алинеја 4 која гласи:

„ - до 600.000 денари за прифатливи трошоци за набавка на системи против замрзнување, заштитни мрежи и заштитни фолии;“.

По алинејата 9 се додава нова алинеја 10 која гласи:

„- до 600.000 денари за прифатлив трошок за набавка на опрема за производство на алкохолни пијалоци и вино;“.

По алинејата 13 се додаваат две нови алинеи 14 и 15 кои гласат:

„- до 600.000 денари за прифатлив трошок за набавка на опрема за производство на пиво;

- до 600.000 денари за прифатлив трошок за набавка на опрема за производство на преработки од млеко и месо;“.

Во алинејата 15 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во алинејата 16 точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

По алинејата 16 се додаваат две нови алинеи 17 и 18 кои гласат:

„ - до 4,500.000 денари за купување на земјоделско земјиште и

- до 87.500 денари за користење на советодавни услуги во земјоделството.“.

Член 6

Членот 9 се менува и гласи:

„ (1) Прифатливи трошоци за економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност се следните:

а) За воспоставување на земјоделска задруга не постара од 12 месеци од денот на основање на земјоделската задруга до денот на објавување на јавен повик за доставување на барања за исплата на средства од мерка 131 од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој:

- трошоци за воспоставување на земјоделската задруга (адвокатски трошоци, нотарски трошоци, административни трошоци);

- трошоци за закуп на канцелариски деловен простор за работа на земјоделската задруга за период не подолг од 36 месеци;

- трошоци за набавка на компјутерска опрема, канцелариски мебел и компјутерски софтвер за планирање, управување, следење и контрола;

б) За функционирање на земјоделските задруги:

- бруто-плата за едно вработено лице  во земјоделската задруга со висина на износ не поголема од просечната месечна исплатена бруто-плата по вработен во Република Северна Македонија;

- услуги од трети лица за водење на сметководство и ревизија на работењето на земјоделската задруга;

- услуги за изработка и одржување на интернет-страница;

в) За инвестиции за унапредување на физичкиот потенцијал на земјоделската задруга и тоа за:

- трактори;

- култиватори или мото-култиватори;

- опрема и приклучна механизација за припрема на почвата, садење или за берење/собирање/ жнеење и транспорт;

- генератори и агрегати за обезбедување на електрична енергија на земјоделското земјиште;

- градежни материјали и елементи за конструкција на бунари и други зафати на површинска вода за наводнување на земјоделскиот имот на корисникот;

- системи за наводнување;

- хидротехничка опрема за одржување на системите за наводнување;

- опрема за загревање и климатизирање на заштитни простори;

- конструкции за поставување на заштитни мрежи и фолии;

- заштитни мрежи и фолии;

- системи против замрзнување (антифрост системи);

- навигациони системи за механизација и комбајни;

- опрема за производство на амбалажа за постбербени активности;
- опрема за складишни капацитети;
- електрични огради за заштита од дивеч;
- опрема за пластеници и стакленици (вклучително и Хидропоника и/или Аеропоника);
- опрема за производство на енергија од обновливи извори за потребите на земјоделската задруга;
- градежни материјали и елементи за конструкција на капацитети за постбербени активности или купување на постоечки објект за постбербени активности;
- градежни материјали и елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на механизацијата и опремата;
- градежни материјали и елементи за конструкција на расадници со опрема за микроклиматски услови;
- услуги од трети лица за надзор и изведување на градежни работи;
- услуги од трети лица за инсталирање на опремата вклучително и софтвер и
- услуги од трети лица за изработка на студии, елаборати, планска и техничка документација.

(2) Висината на поддршката за прифатливите трошоци од ставот (1) на овој член по корисник изнесува:
- за прифатливите трошоци од став (1) точка а) на овој член до 100% од направените трошоци;
- за прифатливите трошоци од став (1) точка б) алинеја 1 на овој член до 60% од направените трошоци;
- за прифатливите трошоци од став (1) точка б) алинеи 2 и 3 на овој член до 100% од направените трошоци;
- за прифатливите трошоци од став (1) точка в) на овој член до 90% од вкупната прифатлива вредност на набавката и
- поддршката за прифатливи трошоци од став (1) точка а) алинеја 3 на овој член се исплаќа еднократно.

(3) Висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник на мерката од став (1) на овој член без данок на додадена вредност и други даноци и јавни давачки изнесува 15.000.000 денари.“.

Член 7

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-3975/4
27 март 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.